БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СИТЕ ФАЗИ НА ГРАДБА ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНО ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ТРГОВСКИ ЦЕНТАР, СТАНБЕН КОМПЛЕКС И КОМПЛЕКС НА КАНЦЕЛАРИСКИ ЗГРАДИ, УЧИЛИШТЕ, СПОРТСКА САЛА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Скопје, 12/2017 год.

Скопје Еаст Гате (СЕГ) ДОО Скопје, со адреса на ул: Качанички пат бр. 56, Скопје, и ел. пошта info@seg.mk, има потреба од услуга - Изработка на проектна документација во сите фази на градба врз основа на утврдено идејно решение за урбанистичко планирање и идејно архитектонско решение за трговски центар, станбен комплекс и комплекс на канцелариски згради.

Понуда за горенаведениот предмет на набавка треба да биде доставена најдоцна до 12.12.2017 год. по препорачана пошта на адреса ул. Качанички пат бр.56 Скопје или преку електронска порака на е-маил: info@seg.mk.

Составен дел на Барањето за понуда се Инструкции за понудувачите и Техничка спецификација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата.

I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

1.1 Нарачател

1.1.1 Нарачател е Скопје Еаст Гате (СЕГ) ДОО Скопје, со седиште на адреса: ул: „Качанички Пат“ бр. 56, ел.пошта info@seg.mk , (тука и во понатамошниот текст именуван како “СЕГ“)

1.1.2 Лице за контакт кај нарачателот е Игор Давков, ел. пошта igor.davkov@seg.mk .

1.2 Предмет на договорот

1.2.1 Предмет на договорот е извршување услуги за: Изработка на проектна документација во сите фази на градба врз основа на утврдено идејно решение за урбанистичко планирање и идејно архитектонско решение за трговски центар, станбен комплекс и комплекс на канцелариски згради.

1.2.2 Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација – која е составен дел од документација.

1.3 Право на учество

1.3.1 Понудувач кој има една или повеќе негативни референци, групата понудувачи во која членува понудувач кој има негативна референца, како и понудувач кој претставува поврзано друштво со понудувач кој има негативна референца, нема право на учество.

1.3.2 Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот.

1.3.3 Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Нарачателот нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

1.3.4 Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата понудувачи меѓусебно и кон нарачателот се обврзуваат за извршување на договорот занабавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци: членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, членот на групата кој во име на групата понудувачи ќе го потпише договорот, членот на групата кој во име на групата понудувачи ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата понудувачи за извршување на договорот.

1.3.5 Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред набавувачот за извршување на своите обврски. Нарачателот ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

1.3.6 Доколку понудувачот има намера дел од договорот за набавка да го отстапи на еден или повеќе подизвршители, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизвршители, како и податоци за сите предложени подизвршители (фирма, седиште,

единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред набавувачот за извршување на договорот , без оглед на бројот на подизвршителите.

1.4 Трошоци за поднесување на понуда

1.4.1 Понудувачот ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а нарачателот не е одговорен за ниедни трошоци кон понудувачот, без оглед на водењето и на исходот од постапката за склучување на договор.

1.5 Критериум за доделување на договорот за набавка

1.5.1 СЕГ ќе изврши евалуација на пристигнатите, во рамките на рокот утврден тука, Понуди, и притоа Комисијата за евалуација ќе утврди точни критериуми кои ќе се базираат на износот на цената на услугата, начинот на плаќање, референците на понудивачите, роковите за извршување на работите и други критериуми кои Комисијата ќе ги утврди.

1.5.2 СЕГ има право при вршењето на евалуацијата на понудите да утврди и дополнителни критерими, за што има право од избрани понудувачи да побара дополнителни информации/документација.

2. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

2.1 Начин на докажување на способноста

2.1.1 Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ги докаже:

- лична состојба;
- способноста за вршење професионална дејност;
- референци за извршени работи кои се предмет на договорот за набавка.

2.1.2 Понудувачот документацијата ја доставува во хартиена форма по препорачана пошта или во електронска форма по е-маил, на адресите назначени погоре. Доколку во хартиена форма, документација се доставува во запечатен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на понудувачот, а доколу во електронска форма, документацијата се праќа скенирана од оригиналните примероци, вклучително лиценци, понуда (со потпис и печат) и/или референци во pdf format, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите.

2.2 Лична, економска и финансиска состојба

2.2.1 СЕГ нема да ги земе во предвид понудите од Понудувач:

- на кој во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

- кој има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на понудувачот му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- кому му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги барал СЕГ.

2.2.2. Понудувачот треба во последните 3 (три) години кои претходат на годината кога е објавено Барањето за прибирање на понуди да:
- остварил нето-добивка по оданочување во последните три деловни години (2014, 2015 и 2016)
- вкупните приходи на Понудувачот да изнесуваат минимум 300.000.000 денари (по година)

Понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара СЕГ.

2.2.2 <u>За докажување на својата лична, економска и финансиска состојба,</u> понудувачот ги доставува следниве документи:
- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- изјава дека не е отворена постапка за стечај и/или постапка за ликвидација од надлежен орган;
- изјава дека не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност,
- извештај за билансот на состојба и билансот на успех заверен од надлежен орган, односно ревидирани финансиски извештаи на Понудувачот за последните три деловни години (2014, 2015 и 2016).

2.2.3 Изјавите за докажување на личната способност, треба да се потпишани и печатирани од Понудувачот, дадени, на датумот на поднесување на Понудата, под морална, материјална и кривична одговороност.

<u>2.3 Способност за вршење на професионална дејност</u>

2.3.1 Понудувачот треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите во Република Македонија, и да има најмалку 30 вработени лица со висока стручна спрема и овластувања за изработка на проектна документација од делот на градежништвото, архитектура, машинство, енергетска ефикасност, електрика, геотехника и геологија

2.3.2 Понудувачот треба да поседува

| | |
|---|---|
| I. Изработка детални урбанистички план и АУП | Овластување за проектирање на проекти за категорија урбанизам |
| II. Изработка на основни проекти | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за архитектура |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за градежништво |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за машинство |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за електротехника |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за геотехника |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за сообраќај |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за ППЗ |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за безбедност и здравје |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за животна средина |
| | Овластување за проектирање на проекти од Б категорија за енергетска ефикасност |

2.4 Докажување на способноста за вршење на професионална дејност

2.4.1 За докажување на условот предвиден во точка 2.3.1 Понудувачот доставува оригинал или копија од

- Потврда за регистрирана дејност издадена од Ц.Р на Р.М (ДРД образец);
- Потврда од Агенција за вработување на Република Македонија за бројот на вработени лица.

2.4.2 За докажување на условите предвидени во точка 2.3.2 Понудувачот доставува оригинал или копија од

| | |
|---|---|
| I. Изработка детални урбанистички план и АУП | Копија од овластување за проектирање на проекти за категорија урбанизам |
| II. Изработка на основни проекти | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за архитектура |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за градежништво |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за машинство |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за електротехника |

| | |
|---|---|
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за геотехника |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за сообраќај |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за ППЗ |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за безбедност и здравје |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за животна средина |
| | Копија од овластување за проектирање на проекти од Б категорија за енергетска ефикасност |

2.5 Референци за извршени работи кои се предмет на договорот за набавка

2.5.1 Понудувачот треба да достави референци за претходно извршени работи кои се предмет на договорот. Понудувачот може да достави референци за извршени проекти кои се предмет на договорот во земјата, како и во странство, и тоа:

- Референтна листа на изработени проекти од област високоградба со минимум испроектирана вкупна површина на објекти од 30.000 м2 во последните 3 (три) години;
- Референтна листа на изработени детални урбанистички планови, односно најмалку 1 (еден) договор за прифатен детален урбанистички план за градска четврт во последните 3 (три) години;
- Референтна листа на изработени Архитектонско урбанистички проекти, односно најмалку 3 (три) прифатени Архитектонско урбанистички проекти во последните 3 (три) години.

3. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Содржина на понудата

3.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на обрасците кои се прилог на ова барање и се состои од следниве елементи:

1. Пополнет образец на понуда;
2. Документи за утврдување на личната состојба;
3. Документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност;
4. Референци за извршени работи кои се предмет на договорот за набавка.

3.2 Јазик на понудата

3.2.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на Македонски јазик или Албански јазик.

3.3 Цена на понудата

3.3.1 Понудувачот во листата на цени ја внесува цената за секој дел поединечно.

3.3.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.

3.3.3 Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

3.4 Валута на понудата

3.4.1 Цената на понудата се изразува во евра.

3.5 Начин на плаќање

3.5.1 Понудата треба да содржи информација за начинот и динамиката на плаќања.

3.6 Период на важност на понудата

3.6.1 Периодот на важност на понудата ќе изнесува 120  дена, сметано од 12.12.2017 година, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

3.6.2 Доколку нарачателот процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

3.7 Форма и потпишување на понудата

3.7.1 Понудата се поднесува во хартиена или електронска (скенирана во пдф формат) форма, со назнака "ПОНУДА ПО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СИТЕ ФАЗИ НА ГРАДБА ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНО ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ТРГОВСКИ ЦЕНТАР, СТАНБЕН КОМПЛЕКС И КОМПЛЕКС НА КАНЦЕЛАРИСКИ ЗГРАДИ, УЧИЛИШТЕ, СПОРТСКА САЛА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ" на адреса ул. Качанички пат бр. 56 Скопје или на е-маил: info@seg.mk. Понудата треба да биде потпишана од овластено лице на понудувачот.

3.8 Краен рок и место за поднесување на понудите

3.8.1 Краен рок за доставување на понудите е 12.12.2017 година.

3.8.2 Понудите се поднесуваат во хартиена форма преку регистрирана пошта на адреса ул. Качанички пат бр. 56 Скопје или преку електронска порака на е-маил: info@seg.mk .

## 4. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

4.1 Избор на најповолен понудувач

4.1.1 СЕГ, по спроведената постапката за евалуација на Понудите, ќе изврши избор на најповолен понудувач, и на истиот ќе му предложи склучување на Договор за вршење на услугата, предмет не оваа обава.

4.1.2 Евалуацијата ќе ја спроведе Комисија од најмалку три члена, која ќе усвои конкретни критериуми врз основа на кои ќе се врши рангирањето на понудите.

4.2 Известување за избор на најповолен понудувач

4.2.1 Избраниот најповолен понудувач ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, непосредно по донесување на одлука од страна на СЕГ.

4.3 Склучување на договорот

4.3.1 СЕГ ќе го достави договорот за набавка до избраниот најповолен понудувач во 4 (четири) примероци на потпишување, кој ќе биде потпишан и заверен во форма предвидена со Закон, во рок од 7 (седум) дена, по неговото доставување.

Покрај другите елементи на Договорот, истиот содржи обврска на Понудувачот за достава на банкарска гаранција во корист на СЕГ, издадена од овластена Банка во Република Македонија, во вредност од најмалку 20%, од вкупната вредност на договорените работи, за добро и навремено извршување на работите согласно договорот.

4.3.2 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот и не достави банкарска гаранција во рокот утврден во точка 4.3.1, нарачателот го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот.

4.4 Немање на избор на најповолен понудувач

Без разлика на доставените понуди од страна на заинтересираните понудувачи, Скопје Еаст Гате (СЕГ) ДОО Скопје, го задржува правото да не изврши избор на најповолен понудувач, да го повтори барањето за прибирање на понуди или да превземе други дејствија и инструменти, доколку СЕГ процени дека тоа е најдобар негов интерес.

II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Скопје Еаст Гате (СЕГ) ДОО Скопје има потреба од Набавка на услуги за ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО СИТЕ ФАЗИ НА ГРАДБА ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНО ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ИДЕЈНО АРХИТЕКТОНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ТРГОВСКИ ЦЕНТАР, СТАНБЕН КОМПЛЕКС, КОМПЛЕКС НА КАНЦЕЛАРИСКИ ЗГРАДИ, УЧИЛИШТЕ, СПОРТСАКА САЛА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

| Ред. бр. на делот | Опис на услугата | Ед. Мерка | Кол. |
|---|---|---|---|

| I. | Изработка на урбанистички планови |
|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка деталeн урбанистички план за градска четврт ЦС09 | Ха | 25.93 |
| 2. | Изработка на АУП (за трговски центар и за станбен комплекс со намена на домување) | Ха | 10 |
| 3. | Изработка на АУП (за комплекс на канцелариски згради) | Ха | 3.5 |
| 4. | Изработка на АУП (за училиште и спортска сала и спортски терени) | Ха | 1.5 |

| II. | Изработка на основни проекти |
|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Подготвителни проекти | Бруто изградена површина | |
| 1.1 | Изработка на проект за рушење на постјните објекти | м2 | 33.000 |
| 1.2 | Изработка на проекти за дислокација на постоечки инсталации | м2 | |
| 1.3 | Изработка на проект за геомеханички и истражни работи | м2 | |
| 2. | Изработка на основен проект за трговски центар | м2 | 65.000 над земја 70.000 под земја |
| 2.1 | Архитектура | | |
| 2.2 | Градежни конструкции | | |
| 2.3 | Електротехника | | |
| 2.4 | Машински инсталации | | |
| 2.5 | Хидротехника | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.6 | Елаборат за ППЗ | | |
| 2.7 | Елаборат за ЗР | | |
| 2.8 | Внатрешна архитектура | | |
| 2.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | |
| 2.10 | Партерно уредување | | |
| 2.11 | Подземен паркинг простор | | |
| 2.12 | Пристапни сообраќајници во парцела | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Изработка на основен проект за станбен комплекс | м2 | 100.000 над земја и 50.000 под земја |
| 3.1 | Архитектура | | |
| 3.2 | Градежни конструкции | | |
| 3.3 | Електротехника | | |
| 3.4 | Машински инсталации | | |
| 3.5 | Хидротехника | | |
| 3.6 | Елаборат за ППЗ | | |
| 3.7 | Елаборат за ЗР | | |
| 3.8 | Внатрешна архитектура | | |
| 3.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | |
| 3.10 | Партерно уредување | | |
| 3.11 | Подземен паркинг простор | | |
| 3.12 | Пристапни сообраќајници во парцела | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Изработка на основен проект за комплекс на канцелариски згради | м2 | 75,000 над земја и 50,000 под земја |
| 4.1 | Архитектура | | |
| 4.2 | Градежни конструкции | | |
| 4.3 | Електротехника | | |
| 4.4 | Машински инсталации | | |
| 4.5 | Хидротехника | | |
| 4.6 | Елаборат за ППЗ | | |
| 4.7 | Елаборат за ЗР | | |
| 4.8 | Внатрешна архитектура | | |
| 4.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.10 | Партерно уредување | | |
| 4.11 | Подземен паркинг простор | | |
| 4.12 | Пристапни сообраќајници во парцела | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Изработка  на основен проект заучилиште, спортска сала и спортски терени | м2 | 6,250 над земја |
| 5.1 | Архитектура | | |
| 5.2 | Градежни конструкции | | |
| 5.3 | Електротехника | | |
| 5.4 | Машински инсталации | | |
| 5.5 | Хидротехника | | |
| 5.6 | Елаборат за ППЗ | | |
| 5.7 | Елаборат за ЗР | | |
| 5.8 | Внатрешна архитектура | | |
| 5.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | |
| 5.10 | Партерно уредување | | |
| 5.11 | Пристапни сообраќајници во парцела | | |
| | | | |
| | | | |
| 6. | Основни инфраструктурни проекти | | |
| 6.1 | Основен проект за пристапни сообраќајници-градежен дел | | |
| 6.2 | Основен проект за пристапни сообраќајници-сообраќај | | |
| 6.3 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-водовод | | |
| 6.4 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-фекална канализација | | |
| 6.5 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-атмосферска канализација | | |
| 6.6 | Основен проект за осветлување на внатрешни сообраќајници | | |
| 6.7 | Основен проект за водење на електротехнички инсталации-трафостаници | | |
| 6.8 | Основен проект за водење топловод и гасовод | | |

ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

## П О Н У Д А

1. ОПШТ ДЕЛ

1.1.Име на понудувачот: ________________________________________

1.2. Контакт информации

– Адреса: ________________________________________________

– Телефон: ______________________________________________

– Факс: _________________________________________________

– Е-пошта: ______________________________________________

- Лице за контакт: ________________________________________

1.3. Одговорно лице: ___________________________________________

1.4. Даночен број: ______________________________________________

1.5 МВ_____________________________________________________

1.5.Согласни сме да ја dадеме оваа понуда за предметот на договорот за набавка согласно со предмер-пресметката.
1.6. Нашата понудата е составена од следниве делови:

1. Пополнет образец на понуда;
2. Документи за утврдување на личната состојба;
3. Документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност;
4. Референци за извршени работи кои се предмет на договорот за набавка.

1.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во Барањето за понуда.

| Ред. бр. | Опис на услугата | Един. мерка | Кол. | Един. цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 1.1 | Изработка детален урбанистички план за градска четврт ЦС09 | | | | | | |
| 1.2 | Изработка на АУП (за трговски центар и за станбен комплекс со намена на домување) | | | | | | |
| 1.3 | Изработка на АУП (за комплекс на канцелариски згради) | | | | | | |
| 1.4 | Изработка на АУП (за училиште и спортска сала и спортски терени) | | | | | | |
| 2 | Изработка  на основен проект за трговски центар | | | | | | |
| 2.1 | Архитектура | | | | | | |
| 2.2 | Градежни конструкции | | | | | | |
| 2.3 | Електротехника | | | | | | |
| 2.4 | Машински инсталации и БМС | | | | | | |
| 2.5 | Хидротехника | | | | | | |
| 2.6 | Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| 2.7 | Елаборат за ЗР | | | | | | |
| 2.8 | Внатрешна архитектура | | | | | | |
| 2.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | | | | | |
| 2.10 | Партерно уредување | | | | | | |
| 2.11 | Подземен паркинг простор | | | | | | |
| 2.12 | Пристапни сообраќајници во парцела | | | | | | |
| 3. | Изработка  на основен проект за станбен комплекс | | | | | | |
| 3.1 | Архитектура | | | | | | |
| 3.2 | Градежни конструкции | | | | | | |
| 3.3 | Електротехника | | | | | | |
| 3.4 | Машински инсталации | | | | | | |
| 3.4 | Хидротехника | | | | | | |
| 3.5 | Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| 3.6 | Елаборат за ЗР | | | | | | |
| 3.7 | Внатрешна архитектура | | | | | | |
| 3.8 | Елаборат за енергетска | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ефикасност | | | | | | |
| 3.9 | Партерно уредување | | | | | | |
| 3.10 | Подземен паркинг простор | | | | | | |
| 3.11 | Пристапни сообраќајници во парцела | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 4. | Изработка на основен проект за комплекс на канцелариски згради | | | | | | |
| 4.1 | Архитектура | | | | | | |
| 4.2 | Градежни конструкции | | | | | | |
| 4.3 | Електротехника | | | | | | |
| 4.4 | Машински инсталации и БМС | | | | | | |
| 4.5 | Хидротехника | | | | | | |
| 4.6 | Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| 4.7 | Елаборат за ЗР | | | | | | |
| 4.8 | Внатрешна архитектура | | | | | | |
| 4.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | | | | | |
| 4.10 | Партерно уредување | | | | | | |
| 4.11 | Подземен паркинг простор | | | | | | |
| 4.12 | Пристапни сообраќајници во парцела | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 5. | Изработка на основен проект заучилиште, спортска сала и спортски терени | | | | | | |
| 5.1 | Архитектура | | | | | | |
| 5.2 | Градежни конструкции | | | | | | |
| 5.3 | Електротехника | | | | | | |
| 5.4 | Машински инсталации | | | | | | |
| 5.5 | Хидротехника | | | | | | |
| 5.6 | Елаборат за ППЗ | | | | | | |
| 5.7 | Елаборат за ЗР | | | | | | |
| 5.8 | Внатрешна архитектура | | | | | | |
| 5.9 | Елаборат за енергетска ефикасност | | | | | | |
| 5.10 | Партерно уредување | | | | | | |
| 5.11 | Пристапни сообраќајници во парцела | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Основни инфраструктурни проекти | | | | | | |
| 6.1 | Основен проект за пристапни сообраќајници-градежен дел | | | | | | |
| 6.2 | Основен проект за пристапни сообраќајници-сообраќај | | | | | | |
| 6.3 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-водовод | | | | | | |
| 6.4 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-фекална канализација | | | | | | |
| 6.5 | Основен проект за водење на хидротехнички инсталации-атмосферска канализација | | | | | | |
| 6.6 | Основен проект за осветлување на внатрешни сообраќајници | | | | | | |
| 6.7 | Основен проект за водење на електротехнички инсталации-трафостаници | | | | | | |
| 6.8 | Основен проект за водење топловод и гасовод | | | | | | |

Место и датум　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

_________________________　　　　　　_________________________

(потпис)